Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 200/0306
10.08 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29-ти јули 2022 година, врз основа на примена жалба од Институтот за демократија „Социетас Цивилис“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет - порталот „Zoom.mk“, со текстот насловен „Ќе секнат ли ЕУ фондовите за здруженијата кои се против францускиот предлог?“, го прекршил Кодексот на новинарите на Македонија во член 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 11-ти јули 2022 година, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ поднесе жалба за текстот со наслов „Ќе секнат ли ЕУ фондовите за здруженијата кои се против францускиот предлог?“, објавен на 8-ми јули 2022 година на интернет - порталот „Zoom.mk“ (www.zoom.mk).

Во жалбата се наведува дека во статијата на „Zoom.mk“ биле изнесени шпекулативни тврдења дека „високи дипломатски извори во Брисел“ биле незадоволни што неколку организации и тинк-тенкови објавиле критички став кон францускиот предлог за преговарачката рамка за Република Северна Македонија и дека на овие организации „им се заканувало укинување на фондовите од ЕУ“.

Од Институтот за демократија велат и дека сосема неточни биле наводите во текстот дека експертите имале слични ставови со проруските елементи во земјата.

„Во написот се вели дека *„сомневањето на Брисел дека овие експерти имаат политичка агенда се потврдило со заедничкиот настап на 11 невладини организации“.* Настапот на 11 невладини организации на кој што се реферира во текстот е подготвен од страна на Институтот за демократија и Институтот за европска политика*“,* појаснува подносителот на жалбата, кој посочи и линк до текстот подготвен од двата института.

Подносителот на жалбата потенцира дека Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ долги години промовирал и работел на иницијативи и проекти за поддршка, набљудување, истражување и оценување на процесот на приклучување на Република Северна Македонија во Европската Унија и дека се залагал за активно вклучување на сите општествено-политички чинители и засегнати страни во процесот. Од Институтот за демократија сметаат дека со објавениот текст на „Zoom.mk“, нивната организација и другите граѓански организации биле ставени во понижувачка позиција пред македонската публика.

Од Институтот за демократија нагласуваат и се повикуваат на демантот на Европската Комисија објавен во медиумите, во кој како што велат, Комисијата спорните наводи ги оценила за неосновани и никогаш не размислила да суспендира фондови за искажано мислење од страна на членови на граѓанското општество.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со порталот „Zoom“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Главниот и одговорен уредник на медиумот, Насер Селмани, одговори на наводите на жалителот и ја отфрли жалбата како неоснована. Тој вели дека апсолутно било неточно тврдењето во жалбата на Институтот за демократија дека како медиум тврделе оти високи дипломатски извори во Брисел биле незадоволни што неколку организации и тинк-тенкови објавиле критички став кон францускиот предлог за преговарачката рамка за Северна Македонија. Спротивно на тоа, како што наведува Селмани, во текстот се тврдело дека Брисел барал дополнителни информации за аргументите што дел од експертската јавност ги користела во дебатата за содржината на рамката. Во таа насока, тој додава дека во содржината на објавениот текст јасно било потенцирано дека реакцијата на Брисел била предизвикана од изјавата на премиерот Ковачевски, кој ги обвинил домашните експерти за застапување неиздржани ставови.

Селмани во одговорот на жалбата за неточни ги оцени и наводите на Институтот за демократија за тоа дека во текстот се тврдело дека на организациите „им се заканувало укинување на фондовите од ЕУ“. Тој вели дека во содржината била употребена сосема друга формулација, односно тврдењето: „може да се преиспита спроведувањето на тековните проекти и ќе бидат внимателни во иднина какви организации поддржуваат“. Тоа според него, не значело дека ако се преиспита нивната политика за финансирање проекти, фондовите ќе се укинеле.

*„Самиот факт дека овие организации хистерично реагираа на нашиот текст покажува дека нашата информација не е безвредна шпекулација. Нејасно беше само дали повеќе се загрижија за вистината или за парите! Дури имаше и закани за тужби и дрски барања да ги откриеме изворите на информации, што е невидена дрскост од европски експерти, кога се знае дека изворите на информации се заштитени со Устав“,* додава уредникот на „Zoom“ во одговорот на жалбата.

Во однос на наводите на Институтот за демократија дека „Zoom“ изнел неточни тврдења дека експертите имале слични ставови со проруските елементи во земјата, Селмани нагласува дека како медиум апсолутно стојат зад ова тврдење, кое се засновало на факти. Тој како аргумент наведе дека дел од експертите имале слични ставови и антиевропски наративи со лидерот на Левица, Димитар Апасиев.

Во однос на забелешките на Институтот за тврдењата во текстот дека во Брисел имало сомнежи дека експертите имаат политичка агенда, уредникот на „Zoom“ вели дека тоа било лесно проверливо ако се следеле настапите на дел од експертите кога изнесувале ставови „Не, благодарам“, без посебна аргументација. Селмани додава дека групата експерти шпекулативно ја коментирале Преговарачката рамка пред да биде објавена со тврдења кои се совпаѓале со ставовите на некои политички партии.

*„Подносителот на жалбата ја користи реакцијата од Брисел во врска со интерпретациите на нашиот текст. ЕУ не негира дека постоеле размислувања во нивните кругови за ревидирање на политиките на финансирање на проекти во Северна*

*Македонија, туку дека сега тоа е неиздржано поради ИПА 3*“, додава Селмани, кој меѓу другото, за неосновани и паушални ги оцени наводите дека жалителот и другите невладини организации биле ставени во понижувачка позиција.

Селмани, на крајот, потенцира дека како медиум биле свесни дека кога се користат извори што не сакаат да се идентификуваат, постоел одреден ризик медиумите да бидат злоупотребени. Во тој контекст, додава дека водејќи се од јавниот интерес, ја провериле информацијата колку што може и оти воедно, биле свесни за опасноста поради различно мислење, да се нанесе штета на невладиниот сектор, кој зависел од европските фондови.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во член 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 29-ти јули 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Тие, најнапред, заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата се согласи дека текстот на порталот „Zoom“ произлегува од јавниот интерес, но дека начинот на кој е обработената темата е едностран и не ги вклучува сите значајни аспекти. Авторот, повикувајќи се на анонимни дипломатски извори, во содржината изнесува сериозни наводи кон поголема група македонски невладини организации за тоа дека наводно имале политичка агенда, проруски ставови и оти ширеле евроскептицизам, поради што, можеле да се соочат со укинување на фондовите на Европската Унија. Медиумот не ги споменува експлицитно имињата на 11-те невладини организации, но според контекстот и деталите изнесени во текстот е јасно на кои здруженија алудира порталот.

Комисијата оцени дека целиот текст се темели на еден (анонимен) извор, што во случајов, не е доволно за да се обезбеди потполна и целосно објективна информација, имајќи ја предвид сериозноста на изнесените наводи/тврдења, кои можат да влијаат на угледот на дел од здруженијата од граѓанскиот сектор. Без да навлегува во проценка на веродостојноста и кредибилноста на изворот, на кој се повикува „Zoom“, Комисијата смета дека медиумот требало да вложи дополнителни напори за даде појасна и поизбалансирана слика за темата, на начин што ќе ја збогати и поткрепи со други извори. Тоа, на пример, авторот можел да го направи доколку се обрател до официјалните институции на Европската Унија или до претставниците на ЕУ во земјава за да добие официјална потврда за изнесените наводи, кои произлегле од анонимниот извор.

Во исто време, став на Комисијата е дека порталот требало да побара и мислење од некоја од 11-те невладини организации кои се споменуваат во текстот и да ги соочи со наводите и со евентуалната можност да ги загубат ЕУ фондовите. На тој начин, медиумот ќе го испочитувал и правилото на „втора страна“.

Оттука, Комисијата востанови дека ваквиот новинарски приод на порталот „Zoom“ е спротивен на **член 1** од Кодексот на новинарите на Македонија, отстапка што е особено нагласена во следните реченици од текстот:

***„Исто така, Брисел дошол до запрепастувачки податоци дека овие експерти имале слични ставови со проруските елементи во земјата, кои во периодов тврделе дека колективниот Запад пропаѓа или дека Макрон ги води Македонците во пропаст.“***

***„Поради ваквото скандалозно однесување на претставниците на овие невладини организации, кои во јавноста се претставуваат и како врвни експерти, Европската унија во наредниот период може да го преиспита спроведувањето на тековните проекти од овие организации и ќе биде повнимателна на кои невладини организации доделуваат грантови.“***

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку преку два меѓусебно неповрзани извора. Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати страни во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Според Насоките за етичко известување на онлјан медиумите, медиумите треба известуваат само врз основа на факти чие потекло му е познато на новинарот, повикувајќи се на различни извори на информации и, по правило, потпирајќи се на јасно идентификувани и веродостојни извори. Онлајн медиумите нема да објавуваат неосновани обвинувања, клевети, гласини, измислени интервјуа, анонимни дописи и други информации чија кредибилност не може да се процени.

При своето одлучување, Комисијата го зеде предвид и ставот/демантот на Европската Комисија даден за Медиумската информативна агенција (МИА), во кој Комисијата изрично посочува дека „никогаш не би суспендирале ЕУ фондови поради различно мислење“. Комисијата за жалби не можеше со сигурност да утврди дали порталот „Zoom“, чиј текст всушност е предмет на демантот, го објавил ставот на Европската Комисија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува порталот „Zoom“ (www.zoom.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595